SAVA PENZISKO

Сава пензиско друштво а.д. Скопје

# Бриф за избор на маркетинг агенција 2026

# СОДРЖИНА

01 | Сава Осигурителна Групација - Профил

02 | Кои сме ние

03 | Цел на Брифот

04 | Стратегија

05 | Што очекуваме од вас

06 | Временска рамка

# САВА ОСИГУРИТЕЛНА ГРУПАЦИЈА



1

# Профил на групацијата

Among good people - Во друштво на добри луѓе

A
stable

**Credit rating**

S&P Global Ratings

AM BEST A Excellent




- Ние сме една од водечките осигурителни групации со седиште во регионот, **со присуство во шест земји од Јадранскиот регион**. Матична компанија на Групацијата е **Sava Re d.d., која работи на повеќе од 110 пазари за реосигурување ширум светот.**
- Градиме осигурителна групација **насочена кон клиентите, флексибилна и ориентирана кон одржливост.**
- Компаниите на Групацијата обезбедуваат **сеопфатен опсег на финансиски услуги**, вклучувајќи неживотно, животно и пензиско осигурување, реосигурување, управување со фондови, помош и здравствени услуги.
- Сава Ре котира на Љубљанската берза од 2008 година (POSR).

# КОИ СМЕ НИЕ

# 2

# Сава пензиско друштво а.д. Скопје

- Сава пензиско друштво а.д. Скопје **е првото друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови** во Република Северна Македонија. Основано во 2005 година како Друштво за управување со задолжителен пензиски фонд, а од 2009 година ја проширува дејноста и добива дозвола за управување со првиот доброволен пензиски фонд.

- Друштвото управува со задолжителен пензиски фонд ,,Сава пензиски фонд’’ и доброволен пензиски фонд ,,Сава пензија плус’’.

- Друштвото е во целосна сопственост на Позаваровалница Сава д.д. Љубљана (Сава Ре) и членка на Сава Осигурителната Групација од 14.03.2018 година.

- Од основањето до денес Друштвото остварува континуиран раст и унапредување во сите сегменти во работењето што се должи на воспоставената корпоративна култура, создавањето сопствена традиција, ангажирањето на професионалниот кадар и современата информатичка технологија.

# Корпоративно работење на друштвото

## Нашите услуги

Друштвото посветува особено внимание на непосредната презентација на понудата на своите продукти, задолжително и доброволно пензиско осигурување, како и континуираното проширување и унапредување на услугите што ги нуди на своите членови.
Инвестирањето на средствата на пензиските фондови, претставува примарна одговорност на добро организиран и високостручен тим. Друштвото е долгорочно определено во процесот на управувањето со средствата на пензиските фондови да обезбеди приноси од инвестирањето што ќе ги зголемат заштедите за посигурна и постабилна иднина на членовите.

## Одржлив развој

Во согласност со нашата стратегија, принципите 3 – здравје и благосостојба и 13 – климатски промени одредени од ООН, се однесуваме одговорно во сите области од нашето работење, земајќи ги предвид мислењата и интересите на сите заинтересирани и засегнати страни.

# Мисија, визија и вредности

## Мисија

Обезбедување на финансиска сигурност и одржлива иднина за нашите членови, нашите вработени, нашите партнери и нашите сопственици. Преку раст на вредноста на пензиските заштеди се стремиме да обезбедиме соодветна пензија за нашите членови. На вработените им овозможуваме професионален и личен развој, а на сопствениците соодветен поврат на капиталот. Преку одговорно работење ние креираме вредност за општеството.

## Визија

Посветено работиме и градиме Друштво кое е препознаено по грижата за своите членови, транспарентноста и високите морални вредности, како и по својата активна улога во одржливоста на пензискиот систем, човечката околина и општеството во целина.

## Вредности

Високи стандарди за корпоративно управување базирано на принципите на посветеност, одговорност, транспарентност и етика.

Трајно партнерство со членовите базирано на едукација, етичко работење и доверба.

Високи професионални стандарди, корпоративни вредности, компетенции во управувањето со инвестициите и ризиците, обезбедување на фидуцијарна одговорност на сите нивоа, силни внатрешни контроли и ревизија.

Добрата работна средина, културата на нашите вработени и нивниот континуиран професионален и личен развој се предуслов за градење на нашиот тим.

# Како сакаме да бидеме видени?

Друштво кое е

- ориентирано кон клиентите;
- кое со својата работа остварува позитивен принос за своите клиенти;
- стабилно, доверливо, моќно;
- модерно, дигитално, општествено одговорно и ориентирано кон одржливост;
- ја едуцира јавноста за значењето на пензискиот систем;

# 3

# ЦЕЛ НА БРИФОТ



# Цел на брифот

**САКАМЕ ДА СОРАБОТУВАМЕ СО АГЕНЦИЈА КОЈА ПОСЕДУВА СООДВЕТЕН КАДРОВСКИ КАПАЦИТЕТ И ДОКАЖАНО ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО И ВОЕДНО РАБОТИ СОГЛАСНО НАЈВИСОКИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ И ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ.**

Активности кои ни се потребни:

- Зајакнување на брендот Сава пензиско на пазарот;
- План за промоција на услугата Личен пензиски советник;
- План за промоција и едукација на населението за значењето на пензискиот систем и придобивките од него;
- План за промоција на продуктите на Друштвото (задолжителен и доброволен пензиски фонд);
- План за промоција на мобилната апликација и ажурирање на лични податоци;

# План за промоција на услугата Личен пензиски советник

Личен пензиски советник

Слоган: Иднината заслужува лична грижа!

Активности:

- Предлог активности за социјалните мрежи со кои ќе се промовира услугата Личен пензиски советник;
- Промотивни активности за промоција на услугата Личен пензиски советник;

# План за промоција и едукација на населението за значењето на пензикиот систем и придобивките од него

- Овој план треба да опфати креативни решенија кои ќе се објавуваат месечно на порталите на социјалните мрежи на Друштвото (Facebook, Instagram, LinkedIn) со цел едукација и промоција на вториот и третиот пензиски столб, мобилната апликација, начините на ажурирање на лични податоци и начините на уплата во доброволен пензиски фонд.
- Подготовка на законски објави (ревидиран извештај, информативен проспект, детални потрфолија);
- Активности за подигнување на пензиската свесност;
- Општествено одговорни активности за едукација за широката јавност за задолжителниот и доброволниот пензиски фонд;
- Активности за комуникација со јавноста, соопштенија, едукативни текстови, интервјуа и др.



# 4 СТРАТЕГИЈА

Стратегијата за комуникација на брендот да се базира на нашите слогани:

***„Во друштво на добри луѓе“ и „Никогаш Сами“***

Слоганите се користат во зависност од потребата за промоција на брендот, продуктите или услугите.



# Комуникација

- Во комуникација кон своите клиенти секогаш се обраќаме на емпатичен, одговорен, пријателски, професионален и лесен тон.
- Не се користат слогани за напаѓање или споредување со конкуренцијата.
- Користиме дополнителни stickers или emoji во самите објави.

# Детали

Таргет групи:

- Години: 15 -77
- Демографија: цела популација
- Пол: сите
- Бизнис заедница

- Задолжителен фонд, потенцијални членови: сите со прво вработување после 1.1.2019 година, кои на датум на прво вработување се помлади од 40 години
- Задолжителен фонд, тековни членови: вработени кои се родени после 1.1.1967 година, освен лица лица со бенефициран стаж кои навршиле стаж со кој се остварува намалување на старосната граница за пензионирање за најмалку една година и индивидуални земјоделци
- За доброволен фонд:
  - физички лица од 15 до 70 години
  - правни лица – редовно вработени во трговски друштва регистрирани во Македонија

# ШТО ОЧЕКУВАМЕ ОД ВАС



5

# Потребно е да ни подготвите

**Презентација**

Скенирање на брендот - покажете ни како го гледате нашиот бренд на пазарот, нашите силни и слаби страни, комуникациска стратегија, во која насока сметате дека треба да се движиме согласно нашата визија, мисија и стратегија.

**Буџет**

Доставете ни буџет за активностите кои ги предлагате да бидат изработени за нас - ценовник на услуги, предлог буџет за кампањи, месечен паушал за водење на социјални медиуми и сл. (во прилог на овој мејч ви доставуваме форма на буџет)

# 6 ВРЕМЕНСКА РАМКА

# Временска рамка

- Потврда за учество – 30.04.2026 година
- Презентација од страна на агенција 20-22.05.2026
- Известување на агенцијата и потпишување на договор – 25-27.05.2026

*** Ве молиме информирајте не најдоцна до 30.04.2026 година доколку сакате да учествувате**

Презентациите ќе бидат спроведени разговорно на состанок со Управниот одбор и Маркетинг тимот на Друштвото.

**Сава пензиско друштво а.д. Скопје, ќе го задржи правото доколку има потреба да одбере различни агенции за спроведување на различни активности.**

# Каде да ги испратите вашите предлози или имате дополнително прашање?

Вашите дополнителни прашања и предлозите со кои ќе учествувате, можете да ги испратите на:

Elena.Pachoska@sava-penzisko.mk, телефон: 075 442 053

Zoran.Gabedanov@sava-penzisko.mk, телефон 070 303 712



# Ви благодариме